РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Арх.бр.11-360/23**
од 13.09.2023 година
Кавадарци

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20, 111/23) и донесената Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година со Одлука број 08-7742/22 од 22.12.2022 година објавена во Службен Гласник на Општина Кавадарци и донесена од страна на Советот на Општина Кавадарци, Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното

# СООПШТЕНИЕ
## За спроведување на јавен увид по

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА И ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ФАБРИКА ДРЕКСЛМАЈЕР – КО ГЛИШИЌ И КО КАВАДАРЦИ ВОН ГРАД -ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Член 1**

Се известуваат граѓаните на Општина Кавадарци дека се организира **Јавен увид** по **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА И ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ФАБРИКА ДРЕКСЛМАЈЕР – КО ГЛИШИЌ И КО КАВАДАРЦИ ВОН ГРАД -ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, со технички број 64/122 од Јуни 2023 изработен** од МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ - СКОПЈЕ.

**Член 2**

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА И ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ФАБРИКА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**ДРЕКСЛМАЈЕР – КО ГЛИШИЌ И КО КАВАДАРЦИ ВОН ГРАД -ОПШТИНА КАВАДАРЦИ,** е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени Услови за планирање за просторот од Агенција за планирање на просторот У43122 од Мај 2023 и Решение за услови за планирање од Министерство за животна средина и просторно планирање УП1-15 1017/2023 од 10.05.2023 година.

Предметниот проектен опфат се наоѓа на територија на Општина Кавадарци од Западен булевар до Дрекслмајер, КО Глишиќ и КО Кавадарци – вон град.Површината на предметниот проектен опфат изнесува околу 9898,17 м2 ( 0,99 ха).

Предмет на овој проект, е утврдување на најповолната микролокација,техничко, економско, сообраќајно и просторно еколошко решение на трасата а во согласност со конкретните подлоги дефинирани посебно за проектот.

**ЈАВЕН УВИД**

На **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА И ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ФАБРИКА ДРЕКСЛМАЈЕР – КО ГЛИШИЌ И КО КАВАДАРЦИ ВОН ГРАД -ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, со технички број 64/122 од Јуни 2023 изработен** од **МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ - СКОПЈЕ** ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Кавадарци **https://kavadarci.gov.mk/** и **https://www.e-urbanizam.mk** во период од 15.09.2023 до 29.09.2023 за кое време може да се достават евентуални забелешки, секој работен ден од 8.00 до 16.00 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Кавадарци.

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**д-р Митко Јанчев**

**Изработил:**
**м-р.инж.арх Марија Данаилова**

**Контролирал и одобрил:**
**Раководител на Сектор**
**дипл.град.инж Александра Деневска**